МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 130 став (8) од Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија" бр. 72/16 и 142/16), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА НАЧИНОТ НА ВРШЕЊЕ НА НАДЗОР НАД ЗАКОНИТОСТА НА РАБОТЕЊЕТО НА НОТАРОТ

## Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот на вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот.

## Член 2

(1) Комисијата е самостојна во вршењето на надзор над законитоста на работењето на нотарот и самостојно одлучува за дејствијата кои треба да се преземат при вршењето на надзорот.

(2) Овластените лица за надзор во вршењето на своите работи се независни и непристрасни од било какво влијание кое би можело да влијае директно или индиректно на нивната работа.

(3) Овластените лица во своето работење го почитуваат принципот на доверливост на информациите и податоците.

## Член 3

(1) Надзорот над законитоста на работењето на нотарот се врши според месечен план за надзор кој содржи листа на нотари над чија работа се планира да се врши надзор во текот на месецот.

(2) Измена на месечниот план од ставот (1) на овој член се врши по барање на:
- нотарот над чие работење се врши надзор;
- овластените лица кои вршат надзор, поради немање на технички можности за спроведување на истиот и
- министерот.

## Член 4

Надзорот над законитоста на работењето на нотарот опфаќа:
- уредно водење на нотарските деловни книги во писмена или електронска форма;
- уредно водење на предметните списи;
- уредно водење на евиденцијата;
- чувањето на нотарските деловни книги, евиденцијата, списи и податоци;
- уредно осигурување на нотарот од одговорност за штета;
- уредно водење на евиденција за наплатената нотарска награда, трошоци и такси;

- постапување по одлуките на надзорните органи за отстранување на недостатоците во работењето на нотарот.

**Член 5**

(1) Надзорот по конкретен предмет на нотар се врши врз основа на сознанија за незаконито работење на нотарот, добиени од државни органи, правни и физички лица.

(2) Надзорот по конкретен предмет на нотар кој постапувал по поднесен предлог за издавање на нотарски платен налог се врши само во делот на постапувањето на нотарот во роковите пропишани со Законот за нотаријатот, при спроведување на постапката за издавање на нотарски платен налог.

(3) При постапување по одредена иницијатива, претставка или предлог за вршење на надзор над законитоста на работењето на нотарот, од страна на овластеното лице од Министерството за правда истата може да се препрати до друг надлежен орган, доколку смета дека на тој начин по истата поцелисходно би се одговорило од страна на тој надлежен орган, за што се известува подносителот на иницијативата, претставката или предлогот.

(4) По приемот на писменото кое укажува на незаконито работење на одреден нотар, се бара одговор од нотарот за чија работа се однесуваат сознанијата, со цел да се утврди потребата за вршење на надзор, при што на нотарот, му се доставува копија од писменото.

(5) Нотарот најдоцна осум дена од денот на приемот на барањето од став (3) на овој член, се изјаснува писмено со аргументиран и образложен одговор и приложува докази во поткрепа на својот одговор.

(6) По добиените сознанија за кои нотарот писмено се изјаснил, овластените лица вршат надзор во просториите на нотарот, доколку:
- оценат дека одговорот на нотарот, не содржи произнесување по сите точки од барањето за одговор,
- постои сомневање во вистинитоста на наводите или сомневање во веродостојноста на приложените докази и
- од изнесените наводи се оцени дека има основ за поднесување на предлог за поведување на дисциплинска постапка.

(7) Ако во периодот од став (2) на овој член, нотарот не достави одговор, овластените лица вршат надзор над нивното работење во просториите на нотарот.

**Член 6**

(1) При вршење на надзор може да се побара мислење од друг надлежен орган, доколку се оцени дека од истото ќе се утврди потребата за вршење на надзор.

(2) Во случај на добиени сознанија од анонимна претставка или предлог, се постапува само доколку станува збор за јавен интерес утврден во закон.

**Член 7**

За денот и часот на спроведување на надзорот над законитоста на работењето на нотарот, овластените лица од Министерството за правда го известуваат претседателот на Основниот суд на чие подрачје се наоѓа седиштето на нотарот, кој овластува судија кој ќе учествува во вршењето на надзорот, а доколку се работи за надзор по конкретен предмет и адвокатот кој учествувал во постапката пред нотар како полномошник на учесникот по предметот на надзорот.

**Член 9**

При вршењето на надзорот, нотарот кај кој се врши надзор над законитоста на работењето треба да се придржува кон Кодексот на професионалната етика на нотарите.

**Член 10**

(1) Пред отпочнување со надзор, овластените лица му врачуваат на нотарот овластување за вршење на надзор.

(2) При вршење на надзорот, по барање на овластените лица кои го вршат надзорот, нотарот прави електронска копија или фотокопија од прегледаните списи и евиденцијата која ја води нотарот.

(3) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, нотарот доставува дополнителни копии од документите кои ги поседува доколку овластените лица за надзор сметаат дека се потребни за изготвување на записникот за надзорот.

(4) По барање на овластените лица кои го вршат надзорот, нотарот како и неговите вработени даваат писмено или усно објаснување во врска со прашања кои се однесуваат на надзорот и приложуваат соодветни докази во поткрепа на објаснувањето.

**Член 11**

(1) При вршењето на надзорот, овластените лица имаат пристап до просториите, архивата, нотарските исправи и списи и деловни книги во писмена или електронска форма.

(2) Доколку при надзорот учествува и адвокат, адвокатот врши увид во книгите, уписниците, имениците во кои е запишан конкретниот предмет и списите на конкретниот предмет.

**Член 12**

Записникот за извршен надзор содржи податоци за видот на надзорот кој се врши, нотарот над кој се врши надзорот, денот и часот на надзорот, овластените лица кои го вршат надзорот, судијата и адвокатот доколку

учествувал во надзорот; констатиранатa состојба од преземените службени дејствија, листата на земени копии од списи или докази, потписи на овластените лица и судијата кој учествувал во вршењето на надзорот.

**Член 13**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува со отпочнувањето на примената на Законот за нотаријатот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16 и 142/16).

Бр. 01-4718/1
29 декември 2016 година
Скопје

Министер за правда,
**Валдет Џафери,** с.р.